**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**УНИВЕРЗИТЕТ “СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ” - БИТОЛА**

# К О Н К У Р С

**ЗА ЗАПИШУВАЊЕ СТУДЕНТИ**
**НА ВТОР ЦИКЛУС УНИВЕРЗИТЕТСКИ СТУДИИ**
**(ПОСТДИПЛОМСКИ) НА УНИВЕРЗИТЕТОТ**
**„СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ - БИТОЛА**
**ВО АКАДЕМСКАТА**
**2009/2010 ГОДИНА**

Битола, август 2009 година

Врз основа на член 57 алинеа 2, во врска со член 108 став 11 од Законот за високото образование, член 150 од Статутот на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола и Одлуката на Ректорската управа на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола донесена на 109-та седница одржана на 26.08.2009 година, Универзитетот „Св. Климент Охридски“- Битола објавува:

**К О Н К У Р С**
**ЗА ЗАПИШУВАЊЕ СТУДЕНТИ**
**НА ВТОР ЦИКЛУС УНИВЕРЗИТЕТСКИ СТУДИИ (ПОСТДИПЛОМСКИ) НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ - БИТОЛА**
**ВО АКАДЕМСКАТА 2009/2010 ГОДИНА**

## I. БРОЈ НА СТУДЕНТИ

На високообразовните единици на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола, во прва година на втор циклус универзитетски студии (постдипломски) во академската 2009/2010 година, ќе се запишат следниов број студенти:

| **Универзитет „Св.Климент Охридски“ - Битола** | | **број на студенти** | **износ за кофинанси-рање по семестар (ЕУР)** | **времетраење на студиите** |
|---|---|---|---|---|
| **ТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ - БИТОЛА** | | **180** | | |
| -Студиска програма за машинство | | 20 | 500 | едногодишни |
| - Студиска програма за индустриски менаџмент | | 20 | 500 | едногодишни |
| - Студиска програма за сообраќајно-транспортно Инженерство | Патен сообраќај и транспорт | 30 | 600 | едногодишни |
| | Воздушен сообраќај и транспорт | 20 | 600 | |
| - Студиска програма за графичко инженерство | | 20 | 500 | едногодишни |
| - Студиска програма за електроенергетски системи | | 20 | 500 | едногодишни |
| - Студиска програма за информатика и компјутерска техника - Битола | | 50 | 500 | двегодишни |
| **ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ - ПРИЛЕП** | | **280** | | |
| - Студиска програма за маркетинг менаџмент | | 70 | 450 | едногодишни |
| - Студиска програма за меѓународна економија и бизнис | | 70 | 450 | едногодишни |
| - Студиска програма за сметководство, финансии и ревизија | | 70 | 450 | едногодишни |
| - Студиска програма за бизнис информатика | | 30 | 350 | двегодишни |
| - Студиска програма за бизнис администрација-менаџмент | | 40 | 350 | двегодишни |
| **ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И УГОСТИТЕЛСТВО - ОХРИД** | | **210** | | |
| - Студиска програма за туризам-Охрид | | 70 | 300/500* | двегодишни |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - Студиска програма за осигурување-Охрид | 70 | 300/500* | двегодишни |
| - Студиска програма за царина и шпедиција-Охрид | 70 | 300/500* | двегодишни |
| *) Износот од 500 евра се однесува на странските студенти. | | | |
| **ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ - БИТОЛА** | **180** | | |
| - Студиска програма за македонски јазик | 20 | 600 | едногодишни |
| - Студиска програма за природни науки и технологија | 20 | 600 | едногодишни |
| - Студиска програма за англиски јазик | 20 | 600 | едногодишни |
| - Студиска програма за германски јазик | 20 | 600 | едногодишни |
| - Студиска програма за француски јазик | 20 | 600 | едногодишни |
| - Студиска програма за македонски јазик | 20 | 600 | едногодишни |
| - Студиска програма за музичко воспитание | 20 | 600 | едногодишни |
| - Студиска програма за образовен менаџмент | 20 | 600 | едногодишни |
| - Студиска програма за интеркултурно образование | 20 | 600 | едногодишни |
| **ФАКУЛТЕТ ЗА АДМИНИСТРАЦИЈА И МЕНАЏМЕНТ НА ИНФОРМАЦИСКИ СИСТЕМИ – БИТОЛА** | **90** | | |
| - Студиска програма за јавна администрација | 40 | 425 | двегодишни |
| - Студиска програма за менаџмент на информациски системи | 50 | 425 | двегодишни |
| **ФАКУЛТЕТ ЗА БИОТЕХНИЧКИ НАУКИ – БИТОЛА** | **110** | | |
| - Студиска програма за менаџмент во биотехниката | 30 | 400 | едногодишни |
| - Студиска програма за преработка на анимални производи | 50 | 400 | едногодишни |
| - Студиска програма за фармерско производство | 30 | 300 | двегодишни |
| **ФАКУЛТЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ - СКОПЈЕ** | **160** | | |
| - Студиска програма за криминалистика | 85 | 550 | едногодишни |
| - Студиска програма за Меѓународна безбедност | 75 | 550 | едногодишни |
| **УНИВЕРЗИТЕТ ВКУПНО:** | **1210** | | |

## II. Услови и критериуми за конкурирање

На студиските програми од втор циклус на универзитетски студии (постдипломски) можат да се запишат кандидати што завршиле академски универзитетски студии од прв циклус, односно додипломски студии.

Секоја единица на Универзитетот утврдува кои студиски програми се соодветни или сродни и дали кандидатите ги исполнуваат другите услови предвидени со студиските програми за организирање втор циклус универзитетски студии (постдипломски ) на соодветниот факултет.

Секоја единица на Универзитетот ги утврдува дополнителните услови за упис и го спроведува пријавувањето, рангирањето и запишувањето на кандидатите.

Износот на надоместокот за кофинансирање на студиите е изразен во евра, а се пресметува и плаќа во денарска противвредност според средниот курс на Народна банка на РМ на денот на плаќањето.

**III. Документи за пријавување**

При пријавувањето на соодветниот факултет кандидатите ги поднесуваат следниве документи:

- пријавен лист за запишување
- диплома или уверение за завршени додипломски, односно прв циклус универзитетски студии (кандидатите кои завршиле во странство доставуваат нострифицирана странска диплома)
- кратка биографија (CV)
- други документи по барање на факултетот

**IV. Рокови за пријавување**

- Прв уписен рок: од 07 до 15 септември 2009 година
- Втор уписен рок: од 14 до 20 октомври 2009 година

По потреба, Универзитетот ќе спроведе и трет уписен рок.

**Забелешка:**

**Детални информации за условите за запишување на секоја од објавените студиски програми и за содржината и начинот на одвивање на вториот циклус универзитетски студии (постдипломски), кандидатите може да добијат на веб страниците на Универзитетот или на соодветните високообразовни единици во состав на Универзитетот „Св. Климент Охридски“- Битола.**

**www.uklo.edu.mk**